Бојан Марјановиќ

# ПОЛИТИКА ПОРНОГРАФИЈА ПОЕЗИЈА

*Ебена љубовна книѓа*

Културна установа Блесок
ЕДИЦИЈА БОРЕА

2016

Copyright © за македонското издание: Културна установа „Блесок“, 2016

Сите права се задржани.

Ниеден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на кој било начин без претходна писмена согласност на издавачот.

Наслов на оригиналот: Politika pornografija poezija
Автор: © Bojan Marjanović
Copyright © Književna radionica Rašić

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

821.163.41-1

МАРЈАНОВИЌ, Бојан
Политика порнографија поезија : ебена љубовна книга / Бојан Марјановќ ; [превод Елизабета Баковска] ; - Скопје : Блесок, 2016. - 172 стр. ; 19x13 см

Превод на делото: Politika pornografija poezija / Bojan Marjanović

ISBN 978-9989-59-663-6
I. Marjanović, Bojan види Марјановиќ, Бојан

COBISS.MK-ID 102153738

Knjiga je objavljena uz finansijsku podrsku
Ministarstva kulture i informisanja Republike Srbije/
Оваа книга е објавена со финансиска поддршка од
Министерството за култура и информации на Република Србија

Бојан Марјановиќ

# ПОЛИТИКА ПОРНОГРАФИЈА ПОЕЗИЈА

*Ебена љубовна книга*

Превод од српски:
*Елизабета Баковска*

Скопје, 2016



*Секој човек*
*има начин да ја предаде*
*револуцијата.*
*Овој е мојот.*

***Ленард Коен***



ИНТРО

## Сѐ да признаам

еве
отворено ќе признаам
сѐ по ред
без никакви исклучоци

и јас мислам дека неолиберализмот
е само еуфемизам за современо ропство
ми се гадат сите тие свештеници на пазарот
угладени јапиевци
кои вежбаат прецизно мочкање
по проќелавените глави на работниците

работниците кои се пак
само предмет на фетишизација
на здодевните левичарски муви брмчалки
муви покриени со разнобојни шамии
во филмовите на мајкл мур

ете
сето тоа го признав

ете
мислам дека и војните
на југословенското пеплиште
се една од најсрамните епизоди
на нашиот шестделен народ
и не само тоа
        туку мислам и тврдам
        дека србија ја одигра
        најкрвавата улога во тој распад
се срамам
во име на колективот
        кој
        навистина
        ништо не ми значи



во книгите на славој жижек
во студентските индекси
со високи просечни оценки

ама сепак се срамам
заробените луѓе во сребреница ги превезуваа
со автобуси на фирмата во која дедо ми
го мина работниот век
и во која
ја дочека пензијата
од која ни на внуците не можеше
да им купи три еуроблока

ете
одиме понатаму
признавам дека сум иако ме интересира симболичкиот капацитет на фигурата на исус христос
свесен за концентрираната бесмисла и омраза
која извира од црквите
ширум нашиот заеднички
братствоединствен простор
и се трудам да го зачувам исус
верувам
единствениот вистински

и искрен левичар
од интерпретацијата на тие
заробени умови во тела
на униформирани трговци пред храмот

ете
и тоа го признав
има ли потреба
да кажам
дека сочувствувам
со сите малцинства
сексуални
национални
дека се грозам од родова дискриминација
дека ми се гади од патријархатот и
дека себеси радо се нарекувам феминист

ете
сè признав
а сега

драги мои пријатели и познаници
професионалци на пишаниот збор
цело време ве слушам во главата
како тропкате со оружјето на своите текстови
во кои ја осудувате недоволната политичност
на моите песни и раскази

еве
пријатели
на почетокот и тоа го средивме
а сега
ве молам
оставете ме на мира
да ја почнам својата ебена
љубовна книга



# I

# Q&A

ја потпираш главата на моето рамо
собата ја осветлуваат трошките
на лампионската светлина
која успеала да се пробие низ ролетните
се насмевнуваш
              не сфаќам зошто
со усните ми го опколуваш увото
и сосема тивко ме прашуваш
                            бојан
                            би сакал ли да ме ебеш

мила
твоето прашање звучи многу грубо
ама види вака
би скокнал во твоите две езера
под челото
би веслал со трепките

и таа вештина би ја издигнал на ниво на олимписка дисциплина
а кога ќе стигнам до копното
би се качувал на тие твои јаболчици
како моќен алпинист
силвестер сталоне кој
со усните ќе забоде застава
на твоите два рида под очите
потоа би ги проучувал геометриските можности
на преклопувањето на нашите усни
                    јас
                    инаку
                    многу се интересирам за такви работи
потоа би се фрлил на вратот
би ја означувал својата територија и би марширал по неа
земјата на бојан е таму кај што се бакнежите на бојан
по тој воен поход со насмевка
би се сетил како јаболчиците навистина биле мачкина кашлица
во однос на планините кои ме очекуваат
тука на помош на усните ги викам и прстите со кои
нежно ти ги милувам брадавиците

како некакви
хиперсензитивни потенциометри од научно-фантастичен филм
потоа би се спуштил до папокот
општото место на девојчинската убавина
кој во твојот случај докажува
дека општите места ќе го спасат светот
би морал еден бакнеж да му подарам
и на она што олдтајмерите го нарекуваат
венерин брег
иако тој е повеќе долина
во споредба со твоите планини
кои веќе ги освоив
со јазикот би напредувал по твоите нозе
додека на крај не дојдам
до десетте весели џуџиња
а морам со секој од нив одделно да се избакнам
                    таков е редот
па дури по таа церемонија
со внатрешната страна на бутовите
би допрела еден мој
долгогодишен пријател

кој
дотеран
намирисан
и по малку заруменет
би тргнал на средба
со твојата пријателка

гледаш
мила
одговорот на прашањето
кое ми го постави
е многу посложен отколку
што можеби очекуваше
но ако си уморна
и ако не си расположена да ти го цртам алгоритмот
на овој компликуван психофизички процес
тогаш
да
мила

би сакал да те ебам

# Транзициска љубов

нервозниот сопственик
на продавницата за брза храна
зјапа во нас и чека кочено да нарачаме

првомајски мамурлук
враќање во работната организација
                    по вчерашната целодневна забава
лутите гласови на александар вучиќ на радио
и неизвесното плаќање на минатомесечните сметки
му се качуваат на врвот на трпението
утрово
          ама
          професионалец е
          убаво нè послужува

јас нешто брборам со него
меѓу два залака